**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од второто продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 16 мај 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 19,20 часот, по завршувањето на второто продолжение од Четириесет и трettата седница.

Седницата ја раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За денеска беше закажано и завршувањето на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија со Деветнаесеттата точка од дневниот ред.

Преминуваме на 19-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Јавната здравствена организација - Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Претресот го започнавме.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, јас знам дека е необично и не продуктивно да се дискутира и полемизира во вакви прилики и за ваква работа посебно кога се работи за медицина, за медицински установи, медицинска струка, навистина би сакал така да биде и да не се вовлекуваме во такви дискусии, кои мислам дека би биле не целисходни. Но, не знам некој секогаш има потреба да предложи такви работи, за мене непотребни и да предизвикува вакви дискусии, со што се навлекува и медицината како тема, како струка во некои работи, каде мислам дека не и е местото. Но, изгледа дека за такви работи секогаш ќе има некој кој ќе најде такви моменти и од племенити и духовни вредности, така ќе ги ориентира работите, како што најмалку јас би посакувал.

Имено не се работи овде, јас бев во дилема право да Ви кажам, на почетокот се работи само за еден предлог, кој се однесува на една установа која се наоѓа во Охрид, а тоа е позната медицинска установа, но кога на ова се надодадоа и некои други активности, некои други размислувања и предлози, бев по сигурен дека треба да се дискутира за оваа работа, затоа што врз основа на таквите дополнителни предлози се виде дека и овој предлог, за жал, е во склоп на некои активности кои се промовираа за одбележување 2000 годишнината од Христијанството, како една цивилизациска тековина со доградба на други активности, мислам дека ова добива една друга конотација која не може поинаку да се именува, туку како една чиста инструментализација на духовните, на верските објекти и вредности за една цел која најмалку и е потребна и на крајот на краиштата претставува едно не соодветно прикажување на овие вредности во овој момент во Република Македонија.

Кога велам дека и други активности се насочуваат кон тоа дека, навистина се работи за еден непотребен правец на предлози, чувствувам за потребно да го искажам и тоа дека, неколку пати се повторува во јавноста од високи претставници и на власта, како на пример претседателот на Комисијата за верските заедници, дека немаат право тие кои се спротивставуваат на оваа активност, поради што секој треба да знае дека Македонија е сепак христијанска земја.

Јас знам дека, во Македонија нормално живеат и христијани во поголем дел, но дека една таква констатација од човек кој води една комисија, кој е надлежен за сите вери, мислам дека е не умесна и пред се не основана. На тоа се надодаваат и други активности за предлози на имиња и други асоцијации со таков дух, еве ќе спомнам една друга работа, ние пред неколку дена имавме Предлог за управен одбор на општа болница "Моша Пијаде".

Според моите информации таа болница е прекрстена во "Свети Наум Охридски", што мислам дека не е ниту законски поставена така, ниту е во духот на она што значи мултикултурна заедница во Република Македонија. Јас ќе најдам аргументи ако треба, дека таквиот предлог е не заснован, мислам дека е штетен по нашата заедница и не потребен. Не потребен што ние често имаме прилика да зборуваме за потребите во медицината, да зборуваме за тоа што им треба на болниците, што им треба на пациентите, дури и на таа болница што и треба за по успешно работење, а од сите тие дискусии и од тоа што се дава на знаење малку кој спомна дека на болниците моментално им треба менување на имиња, промовирање на верски култови преку таквите институции, туку повеќе им треба кадри, инструменти за вршење на операции и

нормално им треба професионално подигање и оваа болница се предлага името да биде на ниво да се носи со проблемите, што го прифаќам.

Јас знам дека во духот и во времето на манифестациите кои ќе ја одбележат 2000 годишнината од христијанството, тоа е добра и племенита иницијатива и во Македонија, како едно место каде биле зачетоците на таа цивилизација, да се најде начин и таа со сите свои димензии да се одрази, бидејќи и ние како Албанци го подржуваме, главна причина што и ние како такви сме придонеле во некое време таа цивилизација да се збогати, затоа што меѓу првите кои ја примиле христијанската цивилизација на овие простори, нормално во ранохристијанското доба била илиридската, односно албанската популација. Така и сега мислам дека, ние не можеме да се откажеме од нашиот дел во таа цивилизација и нормално сме подготвени кон нејзино афирмирање.

Затоа мислам дека во духот на заедништвото, во духот на тоа што значи мултикултурна, мултиетничка Македонија, такви предлози посебно кога се работи за здравство и за здравствени институции, да се повлечат и ако треба да се менуваат имињата, мислам дека граѓаните во Македонија имаат такви вредности, со кои би можеле да се носат и кои би заслужиле да бидат носители на такви институции, само едно ќе спомнам, знам дека таа институција го започна својот најголем успон да го гради со доктор Мостров.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Едно такво име, познато во Македонија и за таа институција, би го красело и би било во служба на самата таа професија, така што мислам дека нема недостиг на вредности, па да се повикуваме на некои вредности кои исто така ги почитуваме, но кои не се целесообразни и не се соодветни и мислам дека не прикажуваат некоја вредност која би била соодветна со времето.

Да споменам само уште еден пример. Германија во Келн, има една од најдобрите катедрали, една од нај прекрасните катедрали. Таа има пари сега за 2000-годишнината на христијанството да гради веројатно уште поголема таква катедрала и уште пет катедрали, но таа организира ЕКСПО-2000 во Хановер, за да ги покаже новите вредности во оваа 2000-годишнина на Христовото раѓање.

Со тоа би сакал да завршам со еден мој предлог, ако се има разбирање, да се најде друг начин на именување на овие институции и предлагам овој предлог да се повлече.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник за учество во расправата.

Бидејќи веќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 107 присутни пратеници, 82 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 20 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Јавната здравствена организација – "Специјална болница за ортопедија и трауматологија" - Охрид.

Почитувани дами и пратеници, бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам и Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,30 часот).